


ISO 9001
Q-1441

**12.09.2023-Вторник**

## ИНФОРМАЦИИ




### 15, 16 и 17 септември: Фестивал на храна и пијалоци во Гевгелија

Во Гевгелија, од периодот од 15 до 17 септември 2023 година, ќе биде одржан првиот Фестивал на храна и пијалоци „Вкуси го југот“. Фестивалската програма вклучува учество на 50 локални угостители и чинители со цел афирмација на нивната работа. За што ќе изложуваат храна, деликатеси, пијалоци, рачни изработки и уметнички дела. Како и богата културно-уметничка програма, за којашто покрај локални изведувачи, ќе настапат бендови и музички уметници од Македонија и Шпанија. Водител на настанот ќе биде легендарниот македонски актер, Сашко Коцев.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, во својата најава за 1. Фестивал на храна и пијалоци во Гевгелија истакна:

- Ветувањето кон моите сограѓани дека Гевгелија ќе биде урбано место со голем број културни манифестации за мене е обврска од денот на преземањето на функцијата Градоначалник. Годинава, беше возобновен Детскиот музички фестивал „Калинка“, а оваа година за првпат во Гевгелија ќе се организира TASTE the SOUTH Gevgelija. Овој настан ќе придонесе за афирмација на повеќе наши чинители во Гевгелија и локални угостители. Станува збор за повеќе од 50 различни изложувачи, производители на храна, пијалоци, различни автентични деликатеси, рачни изработки, уметнички дела.

- Почитувани сограѓани заедно со позитивна енергија да уживаме во настанот и да направиме традиционална манифестација со која ќе се гордее Гевгелија во наредните години. Бидете подготвени за добра храна, музика и забава, рече во поканата до гевгеличани Сарамандов за проследување на настанот.

Во програмата на првиот фестивалски ден, којашто ќе започне на 15.9.2023 година (петок), ќе настапат: КУД „Бојмија“- Гевгелија, „Инфузиона 2“- Шпанија, „Баклава“, „Диверзија“- stand up на Дејан Малзарков, Миле Кузмановски, Дац и Александар, Игор Џамбазов и „Гуру Харе бенд“.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk




ISO 9001
Q-1441

**12.09.2023-Вторник**

„Фониа“, Ристо Стојанов и бендот, „Инфузиона 2“, „Пајак“, „Диверзија“, „Некст Тајм’ „Куку Леле“ и „ДНК“ се изведачите кои ќе ги забавуваат посетителите на вториот ден од Фестивалот, на 16.9.2023 година (сабота). Програмата ќе започне во 18:00 часот.

Додека, последниот ден, 17.9.2023 година (недела), програмата ќе започне со почеток во 12:00 часот. За првиот дел од програмата се предвидени: Изложба на стари автомобили, Концерти на Школата за гитара и Школата за тапани, Концерт на „ЕвроПорта Фест“, настап на Танцовото студио „Мистик“, уличен перформанс и „Баскер Фест“. Со почеток од 16:00 часот, програмата ќе продолжи со Детскиот музички фестивал „Калинка“.

Фестивалот ќе заврши со настапите на: ЗКУД „Негорци“- Негорци, ЗКУД „Браќа Толеви“- Прдејци, Моки, Марија и Крџе, „Инфузиона 2“, „Брас Брадрс“, „Диверзија“, „Суперхикс“ и „Ареа“.

Фестивалот на храна и пијалоци ќе се одржи на спортското игралиште при ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија.



**Ул.Димитар Влахов бр.4**
**Гевгелија**
**www.gevgelija.gov.mk**
**Тел.++389 34 611-353**
**тел./факс. ++389 34 211-211**
**e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk**

## 12.09.2023-Вторник




### На 16 септември, Гевгелија домаќин на 2. по ред Саем за промовирање на локалниот развој

Гевгелија ќе биде домаќин на новиот LAG EXPO 2023: Саем за промовирање на локалниот развој, којшто ќе се одржи на 16 септември 2023 година (сабота), во Народниот театар- Гевгелија, со почеток во 12:00 часот. На вториот по ред LAG EXO 2023, ќе учествуваат 5 локални акциски групи од 18 општини, говорници од земјата и странство и над 40 изложувачи со штандови за претставување на локални производи и храна, како и промоција на убавините и потенцијалите од разните краишта на државата.

Посетителите ќе имаат можност да дознаат повеќе информации иницијативи на локален развој од домашни и меѓународни гости и експерти, да вкусат традиционална локална храна и пијалаци, да уживаат во изложените рачни изработки, производи од природата и останати производи од руралните средини направени од локални производители, да се инспирираат од извонредните успешни приказни на домашни локални производители и да ја прошират мрежата на контакти со можност за нови соработки.

Настанот се организира во рамки на Програмата на УСАИД за развој на заедницата, којашто ја имплементира Мрежата за рурален развој на Северна Македонија во соработка со Локалните акциски групи: „Абер 2015“, „Беласица-Огражден“, „Бојмија“, „Малеш-Пијанец“ и „Плачковица“.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk